# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

26 февруари 2026 | Излегува по потреба | Година XXI | број 2



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ НА АД ''ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА'' - ПОДРУЖНИЦА ''СКОПСКО ПОЛЕ'' - СКОПЈЕ, ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ОКОЛУ ЧИСТЕЊЕТО НА КАНАЛСКАТА МРЕЖА ЗА ОДВОДНУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештај на АД ''Водостопанство на Република Северна Македонија'' - Подружница ''Скопско Поле'' - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 26 февруари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1336/1**<br>**од 26 февруари 2026 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**<br>**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (4), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со член 3 став (2) од Одлуката за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2025 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.3/25), расправајќи по извештајот на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2025 година, бр.08-1130/1 од 17.02.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на деветата седница одржана на 26 февруари 2026 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ НА АД "ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" - ПОДРУЖНИЦА "СКОПСКО ПОЛЕ" - СКОПЈЕ, ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ОКОЛУ ЧИСТЕЊЕТО НА КАНАЛСКАТА МРЕЖА ЗА ОДВОДНУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2025 година, бр.08-1130/1 од 17.02.2026 година.

2. Заклучокот да се достави до АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1155/3**
**од 26 февруари 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ
## НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОДНУВАЊЕ, НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ
## ФИЗИЧКИ ЛИЦА - КОРИСНИЦИ ЗА 2026 ГОДИНА

1. Се објавува Одлуката за преземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 февруари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1336/2**
**од 26 февруари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (4), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 19 став (1) од Законот за водостопанство ("Службен весник на РМ" бр.51/15, 193/15 и 189/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по предлогот за преземање на обврската за плаќање надоместок за одводнување за 2026 година, бр.08-1130/1 од 17.02.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на деветата седница одржана на 26 февруари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОДНУВАЊЕ, НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ФИЗИЧКИ ЛИЦА - КОРИСНИЦИ ЗА 2026 ГОДИНА**

**Член 1**

(1) Со оваа одлука Општина Гази Баба презема обврска за плаќање на надоместок за одводнување на индивидуалните физички лица - корисници (сопственици/корисници на индивидуални станбени објекти и земјоделско земјиште), на подрачјето на општината за 2026 година.

(2) Преземената обврска од став (1) на овој член, општината треба да ја исполни кон АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје и истата се однесува за 2026 година.

**Член 2**

(1) На подрачјето на Општина Гази Баба под системот за одводнување "Скопско Поле" се опфатени вкупно 2175 ха, од кои 1.371 ха поседуваат индивидуалните физички лица - корисници.

(2) Надоместот по хектар (ха) изнесува 2.400,00 денари.

(3) Вкупниот надомест кој општината треба да го исплати на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје за 2026 година изнесува 3.882.672,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

(1) Надоместокот од член 2 став (3) од оваа одлука, ќе биде искористен за редовно и навремено чистење на каналската мрежа на подрачјето на општината од страна на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, се со цел спречување на евентуални поплави на земјоделското земјиште и други површини на подрачјето на општината.

(2) За спроведените активности за редовно и навремено чистење на каналската мрежа на подрачјето на општината, АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје е должно да поднесе извештај на почетокот на наредната година за годината за која се наменети средствата од член 2 став (3) од оваа одлука.

**Член 4**

(1) Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за преземањето на обврската за плаќање на надоместок за одводнување на индивидуалните физички лица - корисници за 2026 година, со АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје.

(2) Договорот од став (1) од овој член задолжително содржи одредба за увид на Општина Гази Баба во текот на активностите од членот 3 од оваа одлука.

(3) Склучениот договор од став 1 на овој член, во целост ја заменува законската обврска и можноста АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, согласно одредбите од Законот за водостопанство да издава решенија за одводнување до физичките лица - корисници кои се опфатени со оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1155/4**
**од 26 февруари 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА ЗА РАСХОДУВАЊЕ И ОТУЃУВАЊЕ НА СТАРИ И НЕУПОТРЕБЛИВИ СТВАРИ, НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлука за расходување и отуѓување на стари и неупотребливи ствари, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 февруари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1336/3**
**од 26 февруари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-1106/1 од 16.02.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на деветата седница одржана на 26 февруари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА ЗА РАСХОДУВАЊЕ И ОТУЃУВАЊЕ НА СТАРИ И НЕУПОТРЕБЛИВИ СТВАРИ, НА ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за расходување и отуѓување на стари и неупотребливи ствари, бр.02-62/4 од 05.02.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1155/5**
**од 26 февруари 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ
НА ПРЕТСТАВНИК ОД СТРУЧНИОТ СОВЕТ ВО УПРАВНИОТ
ОДБОР НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 февруари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1336/4**
**од 26 февруари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (16) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на деветата седница одржана на 26 февруари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД СТРУЧНИОТ СОВЕТ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Во Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/26), во членот 1 зборовите "ЕМИЛИЈА НИКОЛОВА" се заменуваат со зборовите **"АНА СТОЈМЕНОВИЌ"** .

**Член 3**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1155/6**
**од 26 февруари 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА ЗА РАСХОДУВАЊЕ И ОТУЃУВАЊЕ НА СТАРИ И НЕУПОТРЕБЛИВИ СТВАРИ, НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлука за расходување и отуѓување на стари и неупотребливи ствари, на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 февруари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1336/5**
**од 26 февруари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и "Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-998/1 од 11.02.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на деветата седница одржана на 26 февруари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА ЗА РАСХОДУВАЊЕ И ОТУЃУВАЊЕ НА СТАРИ И НЕУПОТРЕБЛИВИ СТВАРИ, НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за расходување и отуѓување на стари и неупотребливи ствари, бр.02-71/5 од 05.02.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1155/7**
**од 26 февруари 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "НАУМ ОХРИДСКИ" - БУЛАЧАНИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлука на училишен одбор на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за расходување на основни средства, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 февруари 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1336/6**
**од 26 февруари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-1058/1 од 12.02.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на деветата седница одржана на 26 февруари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "НАУМ ОХРИДСКИ" - БУЛАЧАНИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Одлука за расходување на основни средства (оштетени и неупотребливи ствари), бр.02-06/13 од 06.02.2026 година, донесена од училишниот одбор на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Се задолжува директорот на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје да ја спроведе оваа одлука и одлуката на училишниот одбор од членот 1 од оваа одлука, заради книжење на разликите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, утврдена со редовниот попис.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1155/8**
**од 26 февруари 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА СКЛУЧЕН ДОГОВОР ЗА ДОНАЦИЈА**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од Јавно претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија и давање на согласност на склучен договор за донација, Советот на Општина Гази Баба на деветата седница одржана на 26 февруари 2026 година, донесе.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1336/7**
**од 26 февруари 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (''Службен весник на РМ'' бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на деветата седница одржана на 26 февруари 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА СКЛУЧЕН ДОГОВОР ЗА ДОНАЦИЈА**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба во својство на примател на донација прима донација од Јавното претпријатие за државни патишта - Скопје, во својство на дavател на донација.

**Член 2**

Донацијата се состои од 237 тони отпадна гребана асфалтна маса.

**Член 3**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на склучениот договор за донација помеѓу давателот и примателот на донацијата (бр.09-1024/1 од 26.01.2026 година / бр.08-859/2 од 05.02.2026 година).

**Член 4**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1155/9**
**од 26 февруари 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештај на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2025 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . .2

**ОДЛУКА** за преземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2026 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .4

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлука за расходување и отуѓување на стари и неупотребливи ствари, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . .7

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .9

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлука за расходување и отуѓување на стари и неупотребливи ствари, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .11

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлука на училишен одбор на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за расходување на основни средства . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .13

**ОДЛУКА** за примање на донација од Јавно претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија и давање на согласност на склучен договор за донација . . . . . . .15

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/26**
**9 седница**

Издавач Општина Гази Баба | Уредува сектор за правни и општи работи
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци